ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**Записник од одржан состанок на Штабот за заштита и спасување на општина Крива Паланка**

Состанокот се одржа на ден 10.04.2020 година во 10:00 часот во Големата Сала на Општина Крива Паланка, а истиот беше свикан на иницијатива на Градоначалникот на Општина Крива Паланка Борјанчо Мицевски.

На состанокот беа присутни:

- Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**
- Командантот на Штабот **Изабела Павловска**
- Началникот на Штабот **Стојадин Гоговски**
- Заменик на началникот на Штабот **Мартин Николовски**
- Секретарот на Општина Крива Паланка **Љубомир Младенов**
- Претставник од Дирекцијата за заштита и спасување **Митко Ангеловски**
- Претставник од ТППЕ Крива Паланка **Иле Коцевски**
- Претставници од МВР на РСМ и тоа:
  - Начаник на ОВР Крива Паланка **Игор Илиевски**
  - Командир на ПС на граничен премин Деве Баир **Блаже Стојчевски**
  - Командир на ПС за погранични работи Север **Зоран Костовски**
- Претставник од ЈП Комуналец - Крива Паланка **Миле Марковски**
- Претсавник на ОО на Црвен Крст Крива Паланка **Дарко Пешовски**
- Претставник на Здравствен Дом Крива Паланка **Бранко Стаменковски**
- Претставник на ЈУ МЦСР Крива Паланка **Гоце Цветковски**

На состанокот беа дискутирани превентивните мерки и чекори кои треба да бидат преземени, а во согласност со заклучоците, мерките и препораките усвоени од Владата на Република Северна Македонија, во врска со потребата од преземање на дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус).
По исцрпената дискусија и дадените согледувања и предлози од страна на членовите на Штабот и другите присутни лица беа донесени следните заклучоци:

**1. Доследно и одговорно да се почитуваат сите заклучоци, мерки и препораки на Владата на Република Северна Македонија, но и заклучоците и препораките на Општинскиот Кризен Штаб за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус).**

**2. Во врска со јавната објава за поднесување на барања од страна на деловни субјекти кои имаат можност да организираат и спроведуваат online продажба и дистрибуција на продукти во време на забрана за движење, од страна на Општинскиот Кризен Штаб беа разгледани вкупно 9 (девет) барања од кои 7 (седум) барања од деловни субјекти од доменот на трговија и услуги и угостителски дејности, кои се однесуваат на организација и реализација на online продажба и дистрибуција на продукти, 1 (едно) барање од деловен субјект од доменот на транспортот и авто такси превозот, кое се однесува на дистрибуција на продукти во соработка со деловните субјекти кои имаат потреба од таква соработка и 1 (едно) барање од ОО на Црвен Крст Крива Паланка, кое се однесува на мобилни тимови од волонтери на Црвен Крст за дистрибуција на хуманитарни пакети за домаќинства и граѓани во социјален ризик за времетраењето на забраната за движење, доколку постои потреба од такво нешто.**

**Сите 9 (девет) барања беа одобрени. Доставените списоци со лица кои ќе бидат ангажирани и ќе имаат потреба од непречено движење во услови на забрана за движење, преку Општинскиот кризен штаб да бидат доставени до ОВР Крива Паланка, а деловните субјекти кои ќе вршат online продажба во услови и за време на забрана за движење да бидат објавени на веб страната на Општината, заради навремено информирање на граѓаните на Општина Крива Паланка.**

**2. Државниот пазарен инспекторат редовно и целосно да го следи почитувањето на мерките и препораките на Владата на РСМ и на Општинскиот кризен штаб од страна на деловните субјекти на територијата на Општина Крива Паланка, кои ќе организираат и вршат online продажба и дистрибуција на продукти за времетраењето на забраната за движење (полициски час).**

**3. Оперативниот план за активности за превенција од ширење на болеста COVID-19 да биде редовно ажуриран од страна на надлежните служби во Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец – Крива Паланка е дополнет со активности за дезинфекција на јавни површини во болничкиот круг на ЈЗУ Здравствен Дом – Крива Паланка, на ГП ДЕВЕ БАИР и дезинфекција на колективни станбени згради на територијата на Општина Крива Паланка.**

**4. Да се направи акција за подготовка и пакување на хуманитарни прехранбени и хигиенски пакети од страна на волнтерски активисти (Понеделник 13.04.2020 година), како и План за дистрибуција и дистрибуција на истите преку мобилните волонтерски тимови на ОО на Црвен Крст Крива Паланка (Среда – 15.04.2020 година).**

**5. ЈУ МЦСР Крива Паланка, најдоцна до понеделник – 13.04.2020 година да подготви и достави Список на евидентирани домаќинства и граѓани во социјален ризик, како потенцијални корисници на хуманитарни прехранбени и хигиенски пакети.**

**6. Да се обезбеди зајакнато присуство на униформирани службени лица на ОВР Крива Паланка на јавни површини, детски игралишта и спортски терени и да се превземаат ригорозни мерки за спречување на групирање на поголем број на лица од дозволеното, согласно мерките и препораките на Владата.**

Состанокот заврши во 11:30 часот.

**Крива Паланка 10.04.2020 година**

**Записникот го изготви Мартин Николовски – Заменик Началник на Штабот за заштита и спасување**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**